Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-4853/1
05.12.2024 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на 58- ма седница на Советот на Општина Велес

Седницата ќе се одржи на ден 12.12.2024 година (четврток) во просториите на Општина Велес со почеток во 09:30 часот.

-Усвојување на Записник од 57-ма седница на Советот на Општина Велес

За седницата го предлагам следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Нацрт – Буџет на Општина Велес за 2025 година.
2. Предлог – одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес.
3. Интегриран локален развоен план на Општина Велес за период од 2024 до 2027 година.
4. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес.
5. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес
6. Предлог – одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Рекреативно зеленило во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр.15857/2 во КО Велес.
7. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.110 и КП бр. 105/1 во КО Црквино.
8. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 16713/9 во КО Велес.
9. Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата на активностите на Општина Велес во обласна на урбанистичкото планирање во 2024 година.
10. Предлог- одлука за определување широчина на крајбрежен појас на суводолина во село Клуковец, за Општ акт за с.Клуковец, Општина Велес.
11. Предлог – решение за разрешување на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес.
12. Предлог – решение за именување член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес.

13. Предлог – решение за разрешување на заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.
14. Предлог – решение за именување на заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.
15. Предлог – решение за престанок на мандатот на членови во Управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.
16. Предлог -одлука за утврдување на месечен надоместок за присуство на седници на членовите на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.
17. Предлог–одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.
18. Предлог–решение за престанок на мандатот на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.
19. Предлог–решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.
20. Предлог - одлука за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес
21. Предлог–одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.
22. Предлог–одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2024/2025 година
23. Предлог-програма за работа на Општински совет за превенција на детско престапништво за 2025 година.
24. Предлог –решение за разрешување на член на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес.
25. Предлог–решение за именување на член на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес.
26. Наративен и финансиски извештај за реализација на културната манифестација „Фестивал на Jazz, World и Современа музика“.
27. Советнички прашања.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.